# ЕТНОКОРЕОЛОГИЈА
# Трет циклус докторски - уметнички студии
# тригодишни студии
**учебна 2026/27**

**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ” – ШТИП**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | | Назив на студиската програма | Етнокореологија |
| 2 | | Единица на универзитетот | *Музичка академија* |
| 5 | | Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма (Фраскатиева класификација) | Научно подрачје: 6 Хуманистички науки<br>Научно поле: 6.05 Други хуманистички науки<br><br>Научна област:<br>Фолклористика (6.05.02)<br>Национална фолклористика (6.05.02.02)<br>Друго (6.05.02.03) |
| 6 | | Вид на студии | Универзитетски академски (докторски) трет циклус на студии, 180 ЕКТС, VIII ниво НРК. |
| 7 | | Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според НРК | *Ниво: VIII*<br>*Високо образование: III циклус на студии – докторски уметнички студии (180 кредити)* |
| 8 | | Години и семестри на траење на студиската програма | *3 години шест семестри* |
| 9 | | ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот | *180 ЕКТС* |
| 10 | | Научниот назив со кој што студентот се стекнува по завршувањето на студиската програма | *Доктор по уметности - етнокореологија, VIII според НРК* |
| 11 | | Научниот назив на англиски јазик што студентот го добива по завршувањето на студиската програма | *PhD of Arts in ethnochoreology, VIII in accordance with NQF* |
| 12 | | Јазик на којшто ќе се изведува наставата | Настава се изведува на македонски јазик. |
| 13 | | Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти | Запишувањето на студентите на трет циклус студии на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии *Етнокореологија* ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (објавен на web страната на Универзитетот) како и согласно посебните услови за запишување утврдени со конкурсот за упис на трет циклус на студии на Универзитетот Гоце Делчев во Штип. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | | | На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (пет) години, односно вупно 300 кредити.<br>На универзитетски академски тригодишни студии од трет циклус на студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен прв и втор циклус на студии (заедно со првиот циклус со вупно 300 кредити).<br>Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:<br>1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;<br>2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8 (осум);<br>3. Потврда за познавање на странски јазик;<br>Наставно-научниот совет со воведување на дополнителни услови, може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование, од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.<br>На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии. Канидатите кои не завршиле соодветни академски студии, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии. |
| 14 | | Информација за продолжување на образованието | Студентите со завршен трет циклус на студии од Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии *Етнокореологија*, можат да го продолжат своето образование на некоја постдокторска позиција или истражување во нашата и надвор од границите на нашата држава. |

## СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ: ЕТНОКОРЕОЛОГИЈА

**Табела 4.1.** Распоред на предмети/активности по семестри и години на студии

| **СТРУКТУРАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **семестар** | **Реден број или код** | **Назив на предмет/активност** | **Број на ЕКТС кредити** | | **Припадност на предмет/активност согласно ЗВО** |
| | | | **Задолжителни предмети/активности** | **Изборни предмети** | |
| **ПРВ** | 1МА301925 | **Етнокореологија** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| семестар | 1MA302025 | **Класификација на традиционална игра** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 4.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | табела 4.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ВТОР семестар** | 1MA302125 | **Сценска адаптација** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 1MA302225 | **Методологија на научноистражувачка работа во етнокореологијата** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 4.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | 1MA302325 | **Подготовка на пилот истражувачки труд (сценска адаптација)** | 5 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.2 |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ТРЕТ семестар** | | | | | |
| | 1MA302425 | **Презентација на пилот истражувачки труд (сценска адаптација)** | 30 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.2 |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| | 1MA302525 | **Подготовка и поднесување на пријава за тема на докторски труд и истражување** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 изработка на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | 1MA302625 | **Учество на меѓународни собири** во врска со докторскиот труд, | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.5 учество на меѓународни собири во врска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТИ семестар** | | што се потврдува со сертификати за учество | | | со докторскиот труд, што се потврдува со најмалку еден сертификат за учество |
| | 1МА302725 | **Објавувањето на труд во референтна научна публикација** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.13 и Во установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација<br><br>ч. 136, ст.18, т.5 објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ПЕТТИ семестар** | 1МА302825 | **Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 Меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој |
| | 1МА302925 | **Учество на меѓународни собири** во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.5 учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со најмалку еден сертификат за учество |
| | 1МА303025 | **Објавување на труд во референтна научна публикација** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.13 и Во установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | објавено два труда во референтна научна публикација<br><br>ч. 136, ст.18, т.5 изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ШЕСТИ семестар** | 1МА303125 | **Јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект** | 30 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |

**Табела 4.2.** Изборни наставни предмети на студиската програма

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научна област на која му припаѓа изборниот предмет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1МА303225 | Историја на македонска музика | 1 | 5 | Музикологија |
| 2 | 1МА303325 | Балкански традиционални игри | 1 | 5 | Етнокореологија |
| 3 | 1МА303425 | Фолклорот во уметничката музика | 1 | 5 | Фолклористика |
| 4 | 1МА303525 | Етномузикологија | 1 | 5 | Етномузикологија |
| 5 | 1МА303625 | Културни ареали | 2 | 5 | Етнологија |
| 6 | 1МА303725 | Етноорганологија | 2 | 5 | Етномузикологија |
| 7 | 1МА303825 | Анализа на музиката во кореографските дела | 2 | 5 | Композиција |

Решение за акредитација и Решение за почеток со работа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-77/11
05.03 20 25 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 12 09 25 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 644/1 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 36 седница одржана на 29.08.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Етнокореологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Етнокореологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по уметности - Етнокореологија/во меѓународен промет академски назив: Dr. art in Ethnochoreology.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 6.05 Други хуманистички науки , Научно - истражувачко област: Фолклористика (6.05.02), Национална фолклористика (6.05.02.02), Друго (6.05.02.03).

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Владимир Јаневски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-943/40 од 27.12.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Етнокореологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0809-953/1 од 30.12.2024 година (наш бр. 08 - 77/1 од 20.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 77/10 од 02.09.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 36-та седница одржана на 29.08.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-77/13
14 10 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 10 03 26
Прилог | Вредност
0801 234/1

Врз основа на член 97 став (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 40-та седница одржана на 7.10.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за исправка на Решението бр. 08-77/11 од 05.09.2025 година

1. Се врши исправка во Решението за акредитација на студиската програма „Етнокореологија", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип број 08-77/11 од 05.09.2025 година, донесено од страна на Одборот за акредитација на високото образование, заради направени технички грешки.
2. Во Решението за акредитација на студиската програма „Етнокореологија", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип број 08-77/11 од 05.09.2025 година во диспозитивот во точката 1 зборовите „Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11)" се заменуваат со зборовите „Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/22, 4/23 и 97/24)", а зборовите "Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба)" се заменуваат со зборовите „Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024)".
3. Во образложението на Решението за акредитација на студиската програма „Етнокореологија", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип број 08-77/11 од 05.09.2025 година во третиот став зборовите „Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11)" се заменуваат со зборовите „Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/22, 4/23 и 97/24)", а зборовите "Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба)" се заменуваат со зборовите „Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024)".
4. Ова Решение за исправка произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство Решението за акредитација на студиската програма „ Етнокореологија", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип број 08-77/11 од 05.09.2025 година.

## Образложение

По донесувањето на Решението за акредитација на студиската програма „ Етнокореологија", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" Штип број 08-77/11 од 05.09.2025 година, се констатира дека е направена ненамерна техничка грешка во називот на двата правни прописи наведени во точката 1 од диспозитивот и во третиот став во образложението на Решението. Имено, наместо повикување на „Уредба за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11)" треба да стои повикување на "Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/22, 4/23 и 97/24)" и наместо повикување на "Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба)" треба да стои повикување на „Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024)". Врз основа на претходнонаведеното, Одборот за акредитација на високото образование одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за исправка е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-1770/6
25.02.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 21.04.26 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 324/1 | | |

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Министерство за образование и наука**
**Скопје**

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Сто педесет и втората седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 февруари 2026 година**

ТОЧКА 51: Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог - решение

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Доставено до:
- Агенција за квалитет во високото образование
- Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.02.25 13:22:37 +01:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 24.02.2026
Проверил: Никола Пасков, 24.02.2026
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 24.02.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 24.02.2026

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.02.2026 19:26 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=bbdf1c6d-d397-46d9-974f-131151e46fda&materialId=e46d8e07-09ee-437b-9c58-0bc3b81561bb** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-1770/7
26.02.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 февруари 2026 година, дава

## РЕШЕНИЕ
### за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокреологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-77/11 од 5.9.2025 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави барање бр. 0809-652/1 од 15.9.2025 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-654/1 од 16.9.2025 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-654/2 од 22.9.2025 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 30.9.2025 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-654/3 од 1.10.2025 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Етнокореологија" на Музичка академија, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

По донесувањето на Решението за акредитација на студиската програма од трет циклус на студии по „Етнокореологија", на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, било констатирано дека е направена ненамерна техничка грешка во називот на двата правни прописи наведени во точка 1 од диспозитивот и во третиот став во образложението на Решението. Имено, наместо повикување на „Уредба за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11)", треба да стои повикување на „Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност *(„Службен весник на Република


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.02.2026 19:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=ca21d35f-4437-46f5-baa9-9c5766161a8a&materialId=e46d8e07-09ee-437b-9c58-0bc3b81561bb** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24)“ и наместо повикување на „Класификација на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба)“ треба да стои повикување на „Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области)“ *(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/24)“

По направената корекција, врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка*(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на 40-та седница, одржана на 7.10.2025 година, со Решение бр. 08-77/13 од 14.10.2025 година, изврши исправка на Решението бр. 08-77/11 од 5.9.2025 година.

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.02.26 11:33:38 +01:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 24.02.2026
Проверил: Никола Пасков, 24.02.2026
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 24.02.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 24.02.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.02.25 13:17:31 +01:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.02.2026 19:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=ca21d35f-4437-46f5-baa9-9c5766161a8a&materialId=e46d8e07-09ee-437b-9c58-0bc3b81561bb** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*